




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**5 - 11 јан 2026 Билтен бр. 617**

# КООРДИНИРАНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА БАРДОВЦИ

**Сезонските работници од Општина Карпош задолжени за одржување на јавната чистота со својата механизација која и стои на располагање, вчеравечер им помогнаа екипите од ЈП Комунална хигиена – Скопје, кои до раните утрински часови по полноќ го подигаа комуналниот отпад од големите корпи за отпадоци кои ги користат жителите од населбата Бардовци. Во оваа пригода, локалната самоуправа упатува голема благодарност до сезонските работници од Општина Карпош, кои со својата агилност, посветеност и професионален пристап помогнаа при отстранување на отпадот од домаќинствата од Бардовци.**



# ЛУКРОВСКИ ГИ ПРЕЧЕКА КОЛЕДАРИТЕ ОД КАРПОШ

**(06.01.2026) Со веселите звуци на Божиќната песна која одекна во просториите на административната зграда на Општина Карпош, младите коледари го поздравија градоначалникот Сотир Лукровски, кој во име на локалната самоуправа срдечно ја пречека Бадниковата поворка. Во среќните очи на малите коледарчиња можеше да се забележи радоста која ја носат во себе, непосредно пренесувајќи ги нивните пораки за мир, соживот и благосостојба. Градоначалникот поразговара со младите карпошани, при што им упати искрена благодарност за денешната посета и им посака претстојните празници да ги поминат во здравје, слога и заедништво во кругот на своето семејство. Во духот на празниците, првиот човек на општината им подели на дечињата пригодни коледарски дарови. Во овој контекст, градоначалникот Лукровски напомена дека е особено горд што токму младите ја негуваат традицијата и народните обичаи и на тој начин го одржуваат нашето културно наследство. Инаку годинава, Бадниковите поворки кои претставуваат една од најголемите народни манифестации, се одржуваат во рекордни 80 градови и населени места низ Македонија. Во таа насока, централната Бадникова поворка во Скопје ќе обедини учесници од речиси сите скопски општини, кои заедно со нивните градоначалници активно учествуваат во реализација на оваа манифестација.**



## УЛИЦИТЕ НИЗ КАРПОШ БЕЗБЕДНИ ЗА СООБРАЌАЈ

**Лошите временски услови кои вчеравечер доведоа до замрзнување на коловозот, беа причина граѓаните да се обратат до полициските службеници од Карпош. Во таа насока, припадниците на полицијата во координирана акција со вработените од Одделението за заштита и спасување и Одделението за комунална инфраструктура при Општина Карпош, како и зимските служби кои ги ангажираше локалната самоуправа, веднаш излегоа на терен и интервенираа на соодветен начин.**

**Во случајов, административците од Одделението за заштита и спасување од Општина Карпош направија проценка на ситуацијата и ги насочија зимските служби, кои со својата механизација пристапија кон фрлање на индустриска сол на критичните точки. Во заедничката акција која траеше по полноќ до раните утрински часови, зимските служби фрлаа сол на коловозот на потегот од Средно Водно, Горно и Долно Нерези и патот до комплексот Македонско село. Заради поголема безбедност на граѓаните, зимските служби во два наврати фрлија сол на патот кон Горно Нерези, кон селото Крушопек, како и на коловозот кон повисоките места низ населбите Жданец, Трнодол, Бардовци и долж улицата Ловќенска во населбата Козле.**

